**ПИВАРА СКОПЈЕ А.Д. - СКОПЈЕ**

**Финансиски извештаи**

**за годината што завршува на 31 декември 2023**

**со Независно ревизорско мислење**

## СОДРЖИНА

| | Страна |
|---|---|
| Независен ревизорски извештај | 1 |
| Извештај за сеопфатна добивка | 3 |
| Извештај за финансиската состојба | 4 |
| Извештај за промените во главнината | 5 |
| Извештај за парични текови | 6 |
| Белешки кон финансиските извештаи | 7- 39 |

# Извештај на независниот ревизор

*До Акционерите и Управниот Одбор на Пивара Скопје АД - Скопје*

**Извештај за финансиските извештаи**

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Пивара Скопје АД - Скопје, кои што ги вклучуваат извештајот за финансиската состојба заклучно со 31 декември 2023 година, како и извештајот за сеопфатна добивка, извештајот за промени во главнината и извештајот за паричните текови за годината којашто завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки информации.

**Одговорност на раководството за финансиските извештаи**

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија, и интерната контрола којашто е релевантна за подготвувањето на финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

**Одговорност на ревизорот**

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Стандардите за ревизија прифатени во Република Северна Македонија („Стандарди"). Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот, за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот.

Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

**Мислење**

Според нашето мислење, финансиските извештаи објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Пивара Скопје АД - Скопје заклучно со 31 декември 2023 година, како и нејзината финансиска успешност и нејзините парични текови за годината којашто завршува тогаш во согласност со Сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

**Извештај за други правни и регулаторни барања**

Годишниот извештај е подготвен од страна на Раководството во согласност со барањата на Законот за трговски друштва, член 384.

Раководството е исто така одговорно за подготвувањето на годишната сметка и годишниот извештај на Пивара Скопје АД - Скопје, кои се одобрени од Управниот Одбор на Пивара Скопје АД - Скопје.

Според барањата на Законот за ревизија, известуваме дека историските информации прикажани во годишниот извештај подготвен од страна на Раководството на Пивара Скопје АД - Скопје во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва е конзистентен во сите материјални аспекти со финансиските информации прикажани во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Пивара Скопје АД - Скопје, на крајот на и за годината која завршува на 31 декември 2023 година.

Драган Давитков
Управител

Драган Давитков
Овластен ревизор

ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје

31 Мај 2024 година
Скопје, Република Северна Македонија

## Извештај за сеопфатна добивка

| | Белешки | 2023 | 2022 |
|---|---|---|---|
| Реализација | 5 | 7.864.114 | 6.141.269 |
| Производни трошоци содржани во продадени производи и набавна вредност на продадени трговски стоки | 6 | (4.855.402) | (3.606.079) |
| **Бруто добивка** | | **3.008.712** | **2.535.190** |
| Маркетинг и продажни трошоци | 7 | (877.086) | (710.808) |
| Трошоци за складирање и дистрибуција | 8 | (483.004) | (403.354) |
| Административни трошоци | 9 | (414.716) | (318.725) |
| **Добивка од редовно работење** | | **1.233.906** | **1.102.303** |
| Финансиски приходи | | 3.983 | 8.098 |
| Финансиски расходи | | (9.823) | (7.187) |
| Финансиски (расходи) / приходи (нето) | 11 | **(5.840)** | **911** |
| **Добивка пред даноци** | | **1.228.066** | **1.103.214** |
| Даноци | 12 | (148.187) | (129.291) |
| **Нето добивка** | | **1.079.879** | **973.923** |
| **Вкупна сеопфатна добивка за годината** | | **1.079.879** | **973.923** |

## Извештај за финансиската состојба

| | Белешки | 2023 | 2022 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Недвижноста, постројки и опрема | 13 | 3.690.539 | 3.833.027 |
| Аванси за недвижноста, постројки и опрема | 14 | 14.439 | 1.974 |
| Нематеријални средства | 15 | 189.520 | 157.093 |
| Вложени средства расположливи за продажба | 16 | 14.219 | 14.209 |
| Одложени даночни средства | | 2.328 | 2.145 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **3.911.045** | **4.008.448** |
| **Тековни средства** | | | |
| Залихи | 17 | 454.334 | 327.685 |
| Побарувања од купувачи | 18 | 714.161 | 550.192 |
| Останати тековни средства | 19 | 5.613 | 14.676 |
| Парични средства и парични еквиваленти | 20 | 213.144 | 28.865 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1.387.252** | **921.418** |
| **Вкупно средства** | | **5.298.297** | **4.929.866** |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Акционерски капитал | | 2.086.572 | 2.086.572 |
| Останати резерви | | 208.657 | 208.657 |
| Задржана добивка | | 1.079.879 | 973.923 |
| Сопствени акции | | (227.006) | (227.006) |
| **Вкупно капитал и резерви** | 21 | **3.148.102** | **3.042.146** |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Долгорочни резервации | 22 | 20.635 | 16.984 |
| Долгорочен заем | 23 | - | 400.125 |
| **Вкупно нетековни обврски** | | **20.635** | **417.109** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема добавувачи | 24 | 1.064.876 | 912.718 |
| Останати тековни обврски | 25 | 379.097 | 345.618 |
| Краткорочни кредити | 26 | 338.393 | 205.545 |
| Обврски за дивиденда | | 324.781 | - |
| Тековни обврски за данок на добивка | 27 | 22.413 | 6.730 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **2.129.560** | **1.470.611** |
| **Вкупно капитал и обврски** | | **5.298.297** | **4.929.866** |

Финансиските извештаи на Пивара Скопје А.Д. - Скопје се одобрени за издавање од страна на Одборот на Директори на 2-ри мај 2024 и ќе бидат предмет на одобрување од страна на Акционерското собрание на 4-ти јуни 2024.

Душан Митрев
Генерален Директор

Магдалена Христова
Финансов Директор

Дарко Костадиновски
Овластен сметководител лиценца бр. 0110795

## Извештај за промените во главнината

| | Акционерски капитал | Законски резерви | Сопствени Акции | Задржана добивка | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба на 1 јануари 2022** | **2.086.572** | **208.657** | **(227.006)** | **968.643** | **3.036.866** |
| Добивка за 2022 | - | - | - | 973.923 | 973.923 |
| Дивиденди | - | - | - | (968.643) | (968.643) |
| **Состојба на 31 декември 2022** | **2.086.572** | **208.657** | **(227.006)** | **973.923** | **3.042.146** |
| *Сеопфатна добивка* | | | | | |
| Добивка за 2023 | - | - | - | 1.079.879 | 1.079.879 |
| Дивиденди | - | - | - | (973.923) | (973.923) |
| **Состојба на 31 декември 2023** | **2.086.572** | **208.657** | **(227.006)** | **1.079.879** | **3.148.102** |

Вкупниот број на обични акции на 31 декември 2023 е 179.970 со номинална вредност од МКД 11.594 еднакво на УСД 200 по акција (31 декември 2022: 179.970 со номинална вредност од МКД 11.594 еднакво на УСД 200 по акција).

Во текот на 2023 година, Друштвото исплати дивиденда во вкупен износ од МКД 649.142 илјади (2022: МКД 968.643 илјади) која се однесува на добивката од 2022 година. Останатиот дел од дивидендата, во вкупен износ од МКД 324.781 илјади е исплатен во Април 2024.

**АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ПИВО, СЛАД, ОЦЕТ, АЛКОХОЛНИ И БЕЗАЛКОХОЛНИ ПИЈАЛОЦИ ПИВАРА СКОПЈЕ А.Д. - СКОПЈЕ**
**Финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2023**
(сите износи се во илјади денари, освен ако не е поинаку наведено)

## Извештај за парични текови

| ПАРИЧНИ ТЕКОВИ ОД РЕДОВНИ АКТИВНОСТИ | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| **Добивка за годината по даноци** | **1.079.879** | **973.923** |
| *Непарични прилагодувања:* | | |
| Амортизација | 368.024 | 304.293 |
| Приход од вложувања | (1.010) | (1.001) |
| Финансиски расходи / приходи (нето) | 7.396 | 3.171 |
| Отпис/ обезвреднување на вредноста на основни средства | 106.498 | 29.464 |
| Исправка на вредноста на сомнителни и спорни побарувања и останати резервации | 10.377 | 1.443 |
| Добивка од продажба на основни средства | (520) | (6.993) |
| Данок на добивка | 148.370 | 129.426 |
| Одложени даночни расходи | (183) | (135) |
| **Паричен тек од редовните активности пред промените во работниот капитал** | **1.718.831** | **1.433.591** |
| (Зголемување) на побарувања од купувачи | (172.790) | (141.272) |
| (Зголемување) / Намалување на залихи | (126.649) | 83.774 |
| Зголемување на обврски кон добавувачи | 221.716 | 16.004 |
| Зголемување на останати тековни обврски | 40.444 | 72.834 |
| Намалување / (Зголемување) на останати тековни средства | 7.509 | (883) |
| Зголемување / (Намалување) на нетековни обврски | 3.651 | (4.537) |
| **Паричен тек од работење** | **1.692.712** | **1.459.511** |
| Примени камати | 709 | 1.162 |
| Платени камати | (8.105) | (4.333) |
| Намалено за платен данок на добивка | (132.686) | (146.058) |
| **Нето паричен тек од редовни активности** | **1.552.630** | **1.310.282** |
| **ПАРИЧНИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНИ АКТИВНОСТИ** | | |
| Нето пораст на основните средства и инвестиции во тек | (453.496) | (822.885) |
| Приходи од продажба на основни средства | 554 | 7.993 |
| Примени дивиденди | 1.010 | 1.001 |
| **Нето паричен тек од инвестициони активности** | **(451.932)** | **(813.891)** |
| **ПАРИЧЕН ТЕК ОД ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ** | | |
| Платени дивиденди на акционерите | (649.142) | (968.642) |
| Приливи по краткорочни кредити | 620.109 | 867.822 |
| Одливи по краткорочни кредити | (825.653) | (780.142) |
| Приливи по долгорочен заем | - | 400.125 |
| Одливи по долгорочен заем | (61.732) | - |
| **Нето паричен тек од финансиски активности** | **(916.419)** | **(480.837)** |
| **Зголемување на паричните средства и паричните еквиваленти во текот на годината** | 184.279 | 15.554 |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА** | | |
| На почетокот на годината | 28.865 | 13.311 |
| **На крајот на годината** | **213.144** | **28.865** |